# АНТИКОРОЗИН ББ

*Антикорозивен премаз во боја за заштита на бетонски површини, произведен на акрилатна основа.*
*Одговара на EN 1504-2, метода 1.3(C)-површинска заштита од продори, метода 2.2(C) - контрола на влага, метода 8.2 (C) - зголемена отпорност*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За завршна антикорозивна и декоративна обработка на стари, нови и репарирани бетонски површини. Се препорачува кај конструкции изложени на атмосферски влијанија, мраз, соли, како и блага хемиска агресија: АБ мостови, потпорни ѕидови, АБ фасадни елементи, силоси, индустриски објекти, фабрики, тунели, пристанишни објекти и сл.

## СВОЈСТВА

- Еднокомпонентна обоена смеса;
- Поседува одлична адхезија за подлогата;
- Го спречува процесот на карбонизација на бетонот;
- Водонепропусен;
- Паропропусен;
- Нетоксичен;
- Едноставна изведба;
- Бактериолошки отпорен;
- Декоративен-можност за изработка во повеќе бои;
- Постојан на мраз, сол, солена вода, атмосферски агресии и стареење;
- Лесен за одржување;
- Висока покривност.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | обоена пастозна смеса |
| Густина | EN ISO 2811-1 | (1,4 – 1,5) g/cm³ |
| Временски период помеѓу два слоја на температура од 20 -25˚C | / | 12 h |
| Пропустливост на водена пареа | ISO 7783 | Класа I,Sd < 5 m |
| Капиларна апсорпција | EN 1062-3 | < 0,1 $kg/(m^2 \cdot h^{0,5})$ |
| Атхезивна јакост (врска) | EN 1542 | ≥ 1,5 MPa |
| Термичка компатибилност (мрзнење/ размрзнување со соли за одмрзнување) | EN 13687-1 | ≥ 1,5 MPa |
| Пропустливост на CO2 | EN 1062-6 | Sd>50m |
| Реакција на пожар | EN 1350 -1 | Класа B-s1, d0 |

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕДБА

### ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Антикорозин ББ се нанесува на подлога од бетон, армиран бетон, цементен малтер и сл. Подлогата треба да биде здрава, чиста, обезмастена, обезпрашена, без присутни лабилни делови на површината каде се нанесува премазот. Максимална дозволена влажност во подлогата изнесува 7 %, додека амбиенталната и температурата на подлогата треба да е во граници од 5°C до 35°C.
Бетонската подлога на која се нанесува Антикорозин ББ треба да биде стара минимум 14 дена.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Доколку има сегрегации, оштетувања или пори на бетонските површини, истите треба да се обработат со Репаратур малтер Ф.
За да се добијат идеално мазни бетонски површини истите треба да се глетуваат со Репаратур глет или Хидроглет Ф, кој треба да се остави потполно да врзе минимум 3 дена на t=20°C пред нанесување на завршните премази. Доколку Антикорозин ББ се нанесува на бетонска подлога на која претходно има изведено премази (стари,постоечки), тогаш треба да се испита стабилноста на постоечкиот премаз и истиот треба да има атхезиона јакост ≥ 1,0 MPa.
Доколку врската не задоволува, постоечките премази треба да се отстранат по механички пат или со пескарење, се до постигнување на здрава бетонска подлога која ќе овозможи постигнување на јака врска со новонанесуваните премази од Антикорозин ББ.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Вградувањето се врши со крзнен валјак (два до три премази), четка (два до три премази) или со airless распрскување до постигнување на бараниот изглед.
Материјалот за првиот слој се разредува со додавање на 5% до 10% вода и се меша со бавен мешач до потполна хомогенизација. Вториот слој се нанесува без разредување по целосно сушење на првиот слој (мин.12 часа при температура од 20°C) и се нанесува во нормален правец (90º) во однос на првонанесениот слој.
Нанесените слоеви со Антикорозин ББ треба да бидат заштитени од врнежи, силен провев во период од 24 часа.
За машинско нанесување потребно е да бидат исполнети следните услови:
-притисок: (150-200) bar.
- агол на прскање: под агол од 60° -90° во однос на подлогата и растојание од 20-40 cm.

## ПОТРОШУВАЧКА:

Нанесување со четка или крзнен валјак:
За еден слој: 0,20 – 0,25 kg/m²
За два слоја: 0,40 - 0,50 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ НА АЛАТОТ И ОПРЕМАТА:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Во пластични канти од 20 kg.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5ºC до 35ºC, заштитен од директно изложување на сонце и замрзнување.Рок на употреба 12 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

RAL 7032; RAL 7046; RAL 7047; RAL 9003.
Забелешка: Дел од останатите RAL бои можат да се изработат при минимална порачка од 90 kg.




АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

ADING
состојка на секоја градба

## СЕ ОЗНАКА :

CE

2032

**АДИНГ АД Скопје**

**Новоселски пат(улица 1409)бр.11, 1060**
**Скопје, Северна Македонија**

**13**
**GGCB0XX/7**
**EN 1504-2:2004**

**АНТИКОРОЗИН ББ**

**Антикорозивен премаз за површинска заштита на бетон од продори и контрола на влага**

| | |
|---|---|
| **Пропустливост на водена пареа:** | **Класа I,Sd < 5 m** |
| **Капиларна абсорпција:** | **w < 0,1 kg/m²·h $^{0,5}$** |
| **Термичка компатибилност Дел 1: Мрзнење/ размрзнување со соли за одмрзнување** | **Јакост на врската по 50 циклуси мрзнење - размрзнување ≥ 1,5 N/mm²** |
| **Адхезивна јакост со pull-off тест:** | **≥ 1,5 N/mm²** |
| **Паропропустливост на CO2:** | **Sd>50m** |
| **Реакција на пожар::** | **Евроклaса B** |
| | **Класа B-s1,d0** |
| **Опасни супстанции:** | **Својството не е определено** |

Опасност по здравјето:Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување. При инцидентен контакт на производот со кожата, треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се преголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Ослободувањето на опасни супстанции при реакција на пожар, не е определено.
Неврзани остатоци од Антикорозин ББ се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни податоци за производот се дадени во Безбедносниот Лист.